**20230591086**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија, Собранието на Република Северна Македонија на седницата одржана на 16 март 2023 година, даде

## АВТЕНТИЧНО ТОЛКУВАЊЕ НА ЧЛЕНОТ 66 СТАВ (3) ОД ЗАКОНОТ ЗА БУЏЕТИ („СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ БРОЈ 203/22)

Одредбата на членот 66 став (3) од Законот за буџети („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 203/22), гласи:

„(3) Вработените во органот на државна управа кој ги врши работите што се однесуваат на изготвувањето и извршувањето на Буџетот на Република Северна Македонија добиваат 30% од основната плата како надополнување на редовната плата поради специфични работни задачи и посебната одговорност која произлегува од работното место.“.

Одредбата од членот 66 став (3) треба да се толкува така што сите вработени во Министерството за финансии и вработените во органите, кои се во состав на Министерството за финансии, односно на вработените во органите од членот 19 став (2) од Законот за организација и работа на органите на државната управа на кои не им е утврдено правото на зголемена плата од утврдената основица, односно на кои не им е утврдено правото на додаток и/или надополнување на плата, со посебен закон и/или колективен договор, добиваат 30% од основната плата како надополнување на редовната плата.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1464/1
16 март 2023 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.